Република Северна Македонија

**Министерство за правда**

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

Архивски бр. 08-1434/1
датум
01 -07- 2026

# ЗАПИСНИК
# ОД НАДЗОР ВО ОСНОВЕН СУД ВЕЛЕС

Министерот за правда со решение бр. 08-527/1 од 29.12.2025 година согласно член 84 ставовите 3, 4, 5 и 6 од Законот за судовите и членот 14 од Законот за управување со движењето на предметите во судовите („Службен весник на РСМ" бр. 42/20) формираше Комисија за надзор над примената на одредбите од Судскиот деловник и надзор над спроведувањето на одредбите од Законот за управување со движење на предметите во судовите, за 2025 година.

Комисијата за надзор на ден **06.03.2026** година во 10:15 часот, согласно Планот за надзор бр. 08-2554/1 го започна надзорот во **Основен суд Велес** за контролниот период од 2024 до 2026 година, односно за периодот од последниот увид на Комисијата за надзор во 2024 година до 2026 година.

Комисијата изврши увид во судот во присуство на претседателката на судот Валентина Ѓорѓиевска и самостоен референт информатичар Убавка Јованова.

Претседателката на судот била избрана за вршител на должност со решение бр. 02-1602/1 од 26.08.2024 година. За Претседател на ОС Велес била избрана со одлука на Судски совет бр. 09-2138/1 од 07.11.2024 година.

Во судот нема ниту еден раководен службеник, освен судскиот администратор, иако повеќе судски службеници ги исполнуваат законските услови. Од овие причини опаѓа мотивираноста на вработените.

> Препорака: Да се овозможи унапредување на судската служба од страна на судскиот администатор преку планирање, а по одобрување на финансиски средства.

Во судот нема информатичар, иако биле објавувани огласи.

> Препорака: Итно да се обезбеди информатичар. Непополнување на работно место со лице со соодветно знаење и експерти од областа на информатиката и особено


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

неодобрување и необезбедување на финансиски средства за ова работно место од Министерството за финансии укажува на ризик за функционалност на АКМИС.

Работното тело на Врховен суд и Информатичкиот центар на Врховен суд да обезбеди решение за покривање на недостаток со информатичари во судовите.

## ОПШТИ ПОДАТОЦИ И СОСТОЈБА НА СУДОТ

### 1. Програма за работа

Су-04 бр.141/23 од 25.12.2023 година, Су -04 бр.145/24 од 23.12.2024 година, Су - 04.бр.98/25 од 24.12.2025 година и
извештај за реализација Су -01. Бр.11/24 од 27.02.2024 година, Су 01 бр.11/25 од 19.02.2025 година, Су-01 бр.11/26-1 од 24.02.2026 година

### 2. Број, вид на судски оддели со број на судии кои постапуваат по предметите (имиња и област по кој постапуваат) (член 66 СД)

Бројот на пополнети судиски места е 14 од 18 предвидени со постојната систематизација. Еден судија заминува во пензија.

### 3. Годишен распоред на судии (дали е донесен до 31 декември тековната година за следната година) со сите измени на годишниот распоред на судии (колку пати е менуван), со записници за спроведената постапка (мислење од седница на судии и достава до сите судии 113 СД)

Су 04 бр.142/23 од 25.12.2023 година, Су -04 бр.142/2-9 од 23.01.2024 година, Су 04 бр.142/23-16 од 04.03.2024 година заради подолго боледување на судија.

### 4. План за годишен одмор на судиите (115 СД)

Су 04 бр.142/23-24 од 12.07.2024 година, Су 04 бр.142/23-24-14 од 10.07. 2025 година, измени Су 04 бр.151/24-15 од 18.07.2025 година.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски “ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

## 5. Формирана служба за информатика како посебна организациона единица

Оддел за информатика нема во судот. Има еден вработен на работно место самостоен референт извршител Убавка Јованова во Одделение за информатика, која од 2022 година ги извршува сите одговорни технички работи во целиот суд.
Препорака за вработување на информатичар.

## 6. Формиран оддел за судска практика во судот

Со годишен распоред е определена судија Мила Цилакова.

## 7. Формирана канцеларија за односи со јавноста (101 СД)

За портпарол е определен со годишен распоред, судија Наташа Андреева, а во канцеларијата за односи со јавност овластено лице -стручен судски соработник Лидија Глигоровска Илиевска.

## 8. Судски администратор и распределба на службеници (60 СД)

Претседателката на судот укажа на несогласност со судскиот администратор. Според претседателката на судот проблемите се појавуваат бидејќи судските администратори се со трајни позиции и не се поврзани со мандат на претседателот на судот.
Комисијата за надзор апелира да се надминат недоразбирањата и да се одржуваат коректни односи во рамки на законските надлежности.
Планирани се четири нови вработувања во судската администрација во 2026 година.
Потребни се унапредувања за судската служба.
Распоредите за судската служба ги донесува судскиот администратор.
Су 07 бр.132/25 од 31.12.2025 година, Су 07 бр.132/25-4 од 18.02.2026 година, Су 07 бр.132/25-3 од 02.01.2026 година,
Су 07 бр.86/24 од 31.12.2024 година, Су-07 бр.86/24-1 од 10.01.2025 година, Су 07 бр.86/24-5 од 21.01.2025 , Су 07.бр.86/24-6 од 08.04.2025 година, Су 07 бр.86/24-7 од 05.06.2025 година, Су 07 бр.86/24-9 од 15.09.2025 година, Су 07 бр.24-10 од 24.11.2025 година,
Су 07 бр.1/24 од 02.01.2024 година, Су 07 бр.1/24-1 од 24.01.2024 година, Су 07бр.1/24-2 од 08.02.2024 година, Су 07 бр.1/24-3 од 14.03.2024 година, Су 07 бр.1/24-4 од 18.09.2024 година, Су 07. Бр. 1/24-5 од 21.10.2024 година, Су 07 бр.1/24-6 од 31.10.2024 година, Су 07 бр.1/24-7 од 18.11. 2024 година.

9. **Службени белешки за извршен редовен надзор над навремено и уредно извршување на работите во судот најмалку двапати годишно (член 17 СД)_за 2024, 2025 и 2026 година.**

Службена белешка Су 07 бр.12/24 од 07.02.2025 година, Су 07 бр.31/25 од 06.03.2025 година, Су бр.263/25 од 13.11.2025 година.

10. **Записници од одржани седници на судии на месечно ниво (член 19 и 22 СД) увид во записници, записници од одржани седници на судски оддели доставени до претседателот на судот (член 67 СД) увид во записници**

Граѓански оддел: Су 187/24 од 12.09.2024 година, Су бр.115/25 од 08.05.2025 година, Су бр. 28/26 од 10.02.2026 година
Кривичен оддел: Су бр. 231/24 од 28.10.2024 година, Су бр. 236/25 од 17.10.2025 година, Су 42/26 од 23.02.2026 година,
Записници од одржани месечни седници на претседателот на судот со судии заведени во СУ уписник (член 19 и 22 СД) увид во записници
Су бр.291/24-2 од 20.12.2024 година, Су бр.135/24-1 од 20.06.2024 година, Су бр.164/25-1 од 10.07.2025 година, Су бр.133/25-1 од 04.06.2025 година, Су бр.32/26-1 од 13.02.2026 година.

11. **Статистички извештај за работата на судот доставен до Судски совет (член 84 од СД) со анализа за начин на решавање на решени предмети, одлуки на повисоки судови за предмети по правен лек и посебно издвоени податоци за застарени, стари и укинати предмети**

СУ-01.бр.3/25, СУ-01.бр.10/25, СУ-01.бр.13/25, СУ-01.бр.15/25, СУ-01.бр.20/25, СУ-01.бр.22/25, СУ-01.бр. 27/25, СУ-01.бр.30/25, СУ-01.бр.32/25, СУ-01.бр.37/25, СУ-01.бр.38/25, СУ-01.бр.5/26 и СУ-01.бр.10/26.

12. **Извештај од повисокиот суд за работата на Основниот суд Велес за 2024, 2025 и 2026 година**

Су 03 –38/24-9 од 19.09.2024 година на Апелационен суд Скопје
Извештај од Врховен суд Су бр.161/24-2 година од 02.12.2024 година, Су 03-38/24 од 02.04.2025 година.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски “ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

13. **Надзор над работата на нотарите.**

Редовно се води сметка за бројот на оставински предмети и решавање на предметите, а претседателката на судот редовно одржува еднаш месечно состаноци, за кои се составуваат записници.
Су - 06 бр.9/25-4 од 16.12.2025 година, Су 06 бр.1/26-1 од 27.01.2026 година.

## ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА АКМИС

14. **Организирани обуки на судии и судски службеници за користење на АКМИС (26 СД)**

Нема организирани обуки за АКМИС. Информатичарот редовно ги посетува ИТ обуките во организација на Академија. Секојдневните проблеми во судот информатичарот ги надминува во соработка и со колеги од други судови во државата.

15. **Преглед на информатичката опрема со која располага судот**

Информатичката опрема со која располага судот моментално ги задоволува потребите на судот. Имаат 20 застарени персонални компјутери кои е неопходно да бидат заменети во најскоро време. Исто така судот има потреба и од мрежни принтери.
Вкупниот број на работни станици во судот е околу 75, од кои последната набавка е од 2024 година.
Во судот нема предвидено финансиски средства за обнова на информатичка опрема во тековната година.
Препорака за редовно обновување на информатичката опрема.

16. **Список на судии и судски службеници распоредени по кориснички групи со степен на достапност до АКМИС, за контролираниот период (член 61 СД) На увид**

Списоци по  кориснички групи заедно со нивни измени редовно се донесуваат, и уредно се внесени во АКМИС. На увид беа доставени Су-07 бр.3/24-1 од 03.01.2024 со четири измени, Су-07 бр.2/25-1 од 02.01.2025 година со шест измени, и Су-07 бр.1/26-

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

1 од 02.01.2026 година (во списоците е пишано дека уписниците се определни според Годишниот распоред за работа).
***ПРЕПОРАКА: Списокот на судии и судски службеници распоредени по кориснички групи да се изготвува со детално дефинирани привилегии за секој корисник кој има пристап до АКМИС системот.***

**17. Внатрешни процедури за привилегии за АКМИС, за контролираниот период (член 61 СД)**

Има

**18. Месечните распореди и времетраење на дежурства во судот, евидентирани во АКМИС за контролираниот период (116)**

Уредно се внесени во месечниот календар на дежурства
Распоред Су 04 35/24 од 08.02.2024 година, Су 04 бр.32/25 од 15.04.2025 година.

**19. Скенирање на влезни документи**

Се врши скенирање на сите влезни документи, освен доставниците. Скенирањето го врши информатичарот. Судот располага со два скенери, а има и три постари резервни скенери.

**20. Електронски прием на предмети од страна на судиите**

Редовно се врши електронски прием од страна на судиите.

**21. Судски службеник задолжен за АКМИС, за распределба и прераспределба на предмети (негово физичко присуство 89 СД)**

Судски службеник задолжен за АКМИС е информатичарот согласно распоред за работа на судската служба за 2026 година, Су-07 бр. 132/25 од 31.12.2025 година. Распределба на предмети вршат водители на писарници еднаш дневно до 14 часот, додека прераспределбата ја прават уписничарите според уписникот кој го работат.

22. **Сите одлуки со образложена наредба за причини за исклучување на судија од распределба на предмети за 2024, 2025 и 2026 година (175 став 5 СД)**

Комисијата за надзор по случаен избор направи увид во следните Одлуки за исклучување и повторно вклучување на судии од автоматска распределба: Су-04 бр.103/25-14 од 11.02.2026, Су-04 бр.103/25-16 од 20.02.2026 вклучување, Су-04 бр.103/25 од 18.02.2026, Су-04 бр.142/23-25 од 21.08.2024, Су-04 бр.142/23- 22 од 20.06.2024, Су-04 бр.142/23-21 од 17.05.2024 година.
Сите уредно внесени во АКМИС.

23. **Сите одлуки за повторна автоматска распределба на предметите заради изземање на судија, и одлуките за изземање за 2024, 2025 и 2026 година**

На денот на надзорот беше направен увид по случаен избор на следните изземања: Су-ИЗЗ бр.26/24 од 20.06.2024, Су-ИЗЗ бр. 22/24 од 02.05.2024, Су-ИЗЗ бр.22/25 од 06.05.2025, Су-ИЗЗ бр.29/25 од 24.06.2025 Су-ИЗЗ бр. 20/25 од 05.05.2025, Су-ИЗЗ бр.3/26 од 03.02.2026, Су-ИЗЗ бр.9/26 од 02.03.2026 со уредно изготвени Решенија во кои е наведено дека со автоматска прераспределба во АКИМС предметот се распределува кај друг судија согласно Годишниот распоред за работа. Сите изземања се уредно внесени во АКМИС.

24. **Сите одлуки за рачна распределба на предмети од АКМИС за 2024, 2025 и 2026 година**

Нема одлуки за рачна распределба

25. **Уписници за кои ќе се оцени дека треба да бидат ставени на увид ќе бидат побарани за време на надзорот (Гр и Кр од бараниот период)**
    - К бр.81/26, примен, поднесен и примен кај судија на ден 27.02.2026 година, автоматска распределба на истиот ден 27.02.2026 и прераспределба автоматски со одлука за изземање СУ-ИЗЗ.9/26 на ден 02.03.2026 година.
    - КУИКП 20/26 - поднесен и примен на ден 04.02.2026 година, рачно распределен на 03.02.2026 затоа што по овој уписник постапува само еден судија носител, примен кај судија на ден 04.02.2026, и потоа прераспределба автоматска со одлука за изземање на судија СУ-ИЗЗ.бр.4/26 на ден 05.02.2026 година.

- К 216/25 - примен и поднесен на 24.06.2025, примен од страна на судија на ден 24.06.2025 распределен со копче судија на 24.06.2025 година, прераспределен автоматски на 25.06.2025 година со СУ-ИЗЗ.29/25, а во консултација со ЕДУСОФТ бидејќи се работи за предмет од итен карактер посочено им е да се избрише прераспределбата и предметот да се прераспредели со копче судија. - за што постои службена белешка
- КСП 18/24 - поднесен, примен и примен кај судија на 02.05.2024, со копче судија 3 пати распределуван на 02.05.2024 и автоматска прераспределба на 02.05.2024, потоа предметот е 8 пати распределен со копче судија на 07.05.2024 година.

***Објаснување од судот:*** Предметот КСП.бр.18/24 е формиран на 02.05.2024 година по поднесено барање до Кривичниот совет заради испитување за потребата од продолжување на мерката притвор или нејзино укинување за обвинетиот. Предметот е доделен во работа на судија која се иззема од причина што претходно учествувал како член на кривичен совет во предмет за повторување на кривичната постапка против осудениот.
Постапувајќи по барањето, донесено е Решение СУ-ИЗЗ.бр.22/24 од 02.05.2024 година со кое судијата била изземена од постапување по предметот КСП.бр.18/24 и одлучено е предметот со автоматска прераспределба преку АКМИС системот да се додели на друг судија согласно Годишниот распоред за работа на судот за 2024 година.
По извршена автоматска прераспределба на предметот КСП.бр.18/24, истиот е распределен во работа на друг судијата.
Овластен судски службеник од кривична писарница на ден 02.05.2024 година достави известување до ВД Претседателот на судот со кој известува дека судијата е отсустен од работа, а дека се работи за итен предмет, но и дека учествувал во донесувањето на решението со кое бил определен притвор спрема обвинетиот, па дека не може да постапува како претседател на совет. Во исто време известува дека и друг судија не можел да постапува по предметот бидејќи претходно постапувал во предмет К-ООА.бр.32//23 во кој е одобрен обвинителниот акт и формиран кривичен предмет, и дека нема друг судија кој би постапувал како претседател на кривичен совет.
Поради наведеното, на ден 07.05.2024 година од страна на ВД Претседател на судот била донесена Одлука СУ-04.бр.142/23-20 од 07.05.2024 година за дополнување на

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

Годишниот распоред за 2024 година и бил формиран уште еден кривичен совет, како би можело да се постапува по наведениот предмет КСП.бр.18/24.

- К.163/24 - поднесен, примен и примен кај судија на 17.06.2024, распределен со копче судија на 17.06.2024 година, и два пати автоматски прераспределен на 19.06.2024 со одлука за изземање СУ-ИЗЗ.24/24 и на ден 24.06.2024 година со одлука за изземање СУ-ИЗЗ.бр.26/24.
- ПРК-С.2400/24 - поднесен на ден 12.12.2024, примен на ден 17.12.2024 година, автоматски распределен на ден 19.12.2024 година и примен од страна на судија на ден 20.12.2024 година
- ПРК-Ј 56/25 - примен и поднесен на ден 10.06.2025 година, автоматски распределен на ден 11.06.2025 година и примен од страна на судија на ден 16.06.2025 година
- ПРК-О. 27/26 - примен и поднесен на ден 10.02.2026 година, автоматски распределен на ден 11.02.2026 година и примен од страна на судија на ден 11.02.2025 година.
- П5 - 2/25 - примен и поднесен на ден 30.04.2025 година, автоматски распределен на ден 02.05.2025 година, прераспределен автоматски заради изземање на ден 06.05.2025 година и примен од страна на судија на ден 06.05.2025 година.
- П4.5/25 - примен и поднесен на ден 03.02.2025 година, распределен со копче судија на ден 03.02.2025 година и примен од страна на судија на ден 03.02.2025 година, прераспределен рачно на ден 29.04.2025 година со одлука на претседател су-04.БР.151/24-10 од 28.04.2025 година и прераспределен рачно на ден 06.05.2025 година со одлука за изземање СУ-ИЗЗ 20/25 од 05.05.2025 година. (предмет кај починатата судика, после прераспределен кај нова судија од Академија која не постапува по предмети од голема вредност)
- РО бр.299/24 - примен и поднесен на ден 04.10.2024 година, автоматски распределен на ден 07.10.2024 година и примен од страна на судија на ден 08.10.2024 година
- МАЛВП1-ТС бр.5/26 - примен и поднесен на ден 17.02.2026 година, автоматски распределен на ден 18.02.2026 година и примен од страна на судија на ден 19.02.2026 година


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

- П2.15/26 - примен и поднесен на ден 30.01.2026 година, автоматски распределен на ден 02.02.2026 година и примен од страна на судија на ден 03.02.2026 година
- ПЛЖ.1/26 - примен и поднесен на ден 09.02.2026 година, автоматски распределен на ден 11.02.2026 година и примен од страна на судија на ден 12.02.2026 година.

**26. Увид во предмети кои на денот на надзорот треба да бидат распределени, по уписник (број на предмети и датум на заведување и време на распределување)**

На денот на надзорот бројот на новопримени предмети по уписник изнесува 35.
На ден 02.12.2024 година забележана е 4 пати распределба за предметот ПРК-С.2266/24, предметот е распределен автоматски, а потоа со копче судија е распределен 4 пати во текот на истиот ден.
***Објаснување од судот:*** Предметот ПРК-С.бр.2266/24 е предмет кој е формиран врз основа на предмет ПРК-С.бр.2790/23 кој како укинат е вратен од Апелациониот суд Скопје.
По враќањето на укинатиот предмет (ПРК-С.бр.2790/23) формиран е нов предмет ПРК-С.бр.2266/24 и истиот е распределен со автоматска распределба на предмети, по што оваа распределба била избришана од страна на судскиот службеник во прекршочната писарница бидејќи по предметот треба да постапува судијата кој претходно постапувал.
Понатаму, распределбата на предметот била вршена со „копче судија" од страна на судскиот службеник во прекршочна писарница, додека да се избере судијата кој претходно постапувал по укинатиот предмет.
Во меѓувреме е донесен нов Распоред за работа на судот за 2025 година и врз основа на тој распоред предметот ПРК-С.бр.2266/24 е автоматски прераспределен и доделен во работа на судија, кој бил определен да работи по овој вид на предмети, од причина што со Распоредот за работа за 2025 година судијата кој претходно го работел предметот не е определен да работи по прекршочни предмети.

27. **Уписници што се водат во хартиена форма** - Нема

**28. Користење на тонско снимање и опрема за тонско снимање**

Тонското снимање се користи во судот. Одредени адвокати бараат снимките да им бидат испратени по електронска пошта, со тоа што се врши заштеда на цедиња.Во судот има вкупно 8 судници, од кои три се опремени со опрема за тонско снимање и


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

редовно се користи. Има инсталиано нов софтвер ФЕМИДА, со нови миксети и персонални компјутери, единствено микрофоните, звучниците и инсталацијата се стари, и дел од нив се неисправни. Годишно се реализираат околу 600 тонски снимања

**29. Електронска достава**

Редовно се користи електронска достава кон адвокати и регистрирани правни лица. Околу 1000 електронски достави месечно.

## ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА РАБОТНО ТЕЛО

**30. Одлука за формирање на работно тело за управување со движење на предметите во судот за 2024, 2024 и 2025 година (член 16 СД)**

Су 04 бр.145/23 од 27.12.2023 година, со две измени, Су 04 бр.152/24 од 30.12.2024 година, Су 04 бр.102/25 година од 29.12.2025 година.

**31. Годишен план за управување со движењето на предметите за 2024, 2025 и 2026 година по предлог на работното тело**

Су бр.9/26-2 од 15.01.2026 година, Су бр.5/24 од 03.01.2024 година, Су бр.8/25 -1 од 13.01.2025 година.

**32. Внатрешни процедури**

Су бр.9/26-3 од 15.01.2026 година, Су бр.8/25-2 од 13.01.2025 година, Су бр.5/24-2 од 03.01.2024 година.

**33. Сите месечни извештаи на работното тело во судот доставени до претседателот на судот за спроведување на годишниот план за управување со движењето на предметите во судот со констатирани недоследности, образложени причини за настанување на истите и предлог мерки за нивно надминување (член 8 од ЗУДПС)**

Су 01 бр.29/24-1 од 13.09.2024 година , Су 01 бр. 6/25 од 13.01.2025 годинаСу 01 бр.9/26 од 13.02.2026 година.

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

ДРУГИ ОПШТИ ПОДАТОЦИ

**34. Информирање на јавноста за резултатите од работењето на судот и судиите (најмалку еднаш годишно) за контролираниот период**

Одржана средба со новинари за работата на судот, објавени податоци на велешките портали, редовни соопштенија на веб страницата од судот, анонимизација на судските одлуки.

**35. Огласна табла на судот**

Има физичка табла видно поставена на влезот. Има и електронска огласна табла на веб страната на ОС Велес, на која редовно се објавуваат содржини.
Во холот на судот во функција се и два дисплеи на кои ажурно се прикажуваат информации поврзани со работата на судот и со тековните судења.

**36. Простории за судии поротници и за адвокати**

Иако судот обезбедил посебни простории за судии-поротници и адвокати на приземјето во судот, истите воопшто не се користат од нивна страна.

**37. Објавени правосилни судски одлуки на веб страната на судот за 2024, 2025 и 2026 година**

Редовно се објавуваат на веб страната на судот.
После извршената анонимизација на одлуките од страна на судски службеник и после извршената синхронизација на податоците од АКМИС системот кон Врховен суд, се објавуваат на веб страната на судот.

38. **Архива**

Надзор од архивот заверен записник Су 03 бр.290/25 -1 од 04.11.2025 година, согласно кој не се утврдени неправилности во архивското работење.

ПРЕДИЗВИЦИ СО КОИ СЕ СООЧУВА СУДОТ

**39. Прашања за кои претседателот на судот, судскиот администратор или судската служба при вршењето на работите во судот можат да укажат дека им го отежнуваат работењето во врска со АКМИС или општо ефикасното работење на судот.**

Слободен пристап до јавни информации - за посебни податоци по член и став од КЗ, односно потежок вид нема можност во АКМИС со посебно прозорче да се генерираат податоци за семејно насилство, од омраза, за полесно пребарување, основите за семејно насилство да се прецизираат во граѓанско основ поднесок, во вид на поднесок за да се знае кој предмет во кој уписник е заведен.
Дополнителни прозорчиња кога се донесуваат управувачки решенија за стечаите во истиот ден.

Увидот заврши на ден 06.03.2026 година во 14.15 часот.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски “ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk